# Р Е Ф Е Р А Т

Со писмо (одлука) број 03-199 од 27.11. 2015 г. известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за Театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕФТА – Скопје, на седницата одржана на ден 30.11.2015г донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од областа на **Актерска игра и Сценски говор** во сите наставно научни звања на Факултетот за театарски уметности**.**
На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за Театарски уметности од областа на **Актерска игра** и **Сценски говор** при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕФТА – Скопје објавен на 14.11. 2015 г. во весникот *„Нова Македонија“,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: **М-р. Роберт Вељановски**. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Јордан Плевнеш, редовен професор, Вон. проф. М-р Дејан Пројковски и Вон. проф. Д-р Христо Петрески врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за Театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот **м-р Роберт Вељановски** е роден на 5 февруари 1968 година во Скопје. Студии по актерска игра ги завршил на ФДУ Скопје (1995 година), во класата на проф. Љубиша Георгиевски, постигнувајќи исклучително високиот општ успех (9,57). На истиот факултет ги завршил и постдипломските студии по театролгија, бранејќи ја магистерската теза со наслов ***“СТРУКТУРА НА ТЕАТАРСКИОТ ГОВОР”.***
Полни 12 години (од 1998) м-р Вељановски е член на ансамблот на Драмски театар во Скопје. Одиграл 46 театарски и 2 филмски улоги, како актер учествувал во реализацијата на 12 радиски и телевизиски продукции, како и во повеќе перформанси и рекламни спотови. Режирал, со бележит успех, една професионална театарска претстава.
Од 1998 година м-р Вељановски интензивно се занимава со педагошка и научно-истражувачка дејност, работејќи како истражувач (во научните проекти), предавач и/или водител на работилници за деца. Од 2008 година ангажиран е како наставник Факултетот за театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА, каде што го предава предметот актерска игра.
За предмет на својот магистерски труд, супериорно одбранет во мај 2010, м-р Вељановски ја одбрал феноменологијата на театарскиот говор, која ја истражувал токму преку структурата на овој суштестен елемент на актерската игра. За успешно да ги реализира своите научно-истражувачки цели, м-р Вељановски морал да вложи надстандарден напор во самото откривање и систематизирање, а дури потоа и анализирање и вреднување на обемната теориска литература, со која се служела во текот на работењето. Користејќи ја таа литература на крајно прагматичен начин – имено, пристапувајќи и како актер, „задолжен“ секој теориски постулат да го провери во практиката, т.е. на

театарската сцена – тој покажал дека умее и „поинаку“ да ја чита/толкува теоријата, ама и навидум компливаната теорија да ја „поедноставува“ така што ќе ја аплицира врз експлицитни практични примери. Солидна теориска/методолошка основа врз која истражувањето е втемелено и соодветна научна метододологија што притоа е применета несомнено упатуваат на научната заснованост на постапката аплицирана во овој труд, на исклучителната способност за постепено и прегледно распоредување на материјалот и на заклучокот дека студијата ***СТРУКТУРА НА ТЕАТАРСКИОТ ГОВОР*** имплицира неспорни научни квалитети, но и укажува на сериозна подготвеност на нејзиниот автор не само за натамошната научно-истражувачка работа, ама и за мошне успешна педагошка дејност. Имено, неговите темелни познавања на истражуваната проблематика, систематичноста во спроведувањето на анализите, сигурноста во аплицирањето на теориските постулати и нивното применување врз стандардната театарска/актерска практика упатуваат кон заклучокот дека трудот ***СТРУКТУРА НА ТЕАТАРСКИОТ ГОВОР*** може да функционира и како квалитетен универзитетски учебник. Впрочем, печатењето на тој учебник наскоро и се очекува. Треба да се напомне оти станува збор за единствената книга од овој тип објавена (досега) на македонски јазик.

**Заклучок**

Согледувајќи ги сите досегашни професионални и научни постигнувања на **м-р Вељановски**, но и познавајќи го долги години како одговорен, трудољубив, ефикасен, мошне добро организиран, исклучително кооперативен колега, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА – Париз-Скопје-Њујорк да му препорачиме **м-р Роберт Вељановски** да го избере за наставник во звање Вонреден професор.

Рецензентска комисија:

Јордан Плевнеш, Редовен професор

М-р. Дејан Пројковски, Вонреден професор

Д-р. Христо Петрески, Вонреден професор